| Учесници: Марија Митрева | Наслов: “Safeguarding learners online”<br>Место на одржување: вебинар<br>Датум на одржување: 7.6.2024 |
| Учесници: Марија Митрева | Наслов: “Building understanding through dialogue”<br>Место на одржување: вебинар<br>Датум на одржување: 11.6.2024 |
| Учесници: Марија Митрева | Наслов: “Teaching is simple! Don’t overcomplicate it!<br>Место на одржување: вебинар<br>Датум на одржување: 13.6.2024 |
| Учесници: Марија Митрева | Наслов: “Localising anti-racism: what you can do in the classroom<br>Место на одржување: вебинар<br>Датум на одржување: 19.6.2024 |
| Учесници: Марија Митрева | Наслов: “Being a teacher with disabilities: perspectives, practices and opportunities”<br>Место на одржување: вебинар<br>Датум на одржување: 19.6.2024 |

## 15. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

- **Постигнување на учениците**

**Табела 1: Успех на учениците по учебни години**

| Учебна година | Просек |
|---|---|
| 2011/2012 | 4,24 |
| 2012/2013 | 4,07 |
| 2013/2014 | 4,21 |
| 2014/2015 | 4,29 |

| | |
|---|---|
| **2015/2016** | **4,34** |
| **2016/2017** | **4,35** |
| **2017/2018** | **4,27** |
| **2018/2019** | **4,30** |
| **2019/2020** | **4,35** |
| **2020/2021** | **4,37** |
| **2021/2022** | **4,33** |
| **2022/2023** | **4,43** |
| **2023/2024** | **4,29** |

Училишниот успех кој учениците го постигнуваат по наставни предмети во текот на учебната 2023/2024 година не покажа статистички значајни разлики во однос на успехот по истите предмети кај учениците. Анализите на работењето на училиштето направени за потребите на самоевалуација на работењето на училиштето укажаа на потреба од реализација на нагледни часови како еден од начините за стручно усовршување на наставниците и унапредување на наставата. За таа цел Стручните активи во својата програма за работа имаат планирано реализација на нагледни часови со користење на методи на активна настава и ефективни инструменти за оценување на знаењата на учениците.

## 15.1. Континуираност во следењето и оценувањето на успехот на учениците и унапредување на воспитно-образовната дејност на училиштето

Во текот на учебната 2023/24 година по однос на задолжителната настава како и воннаставните активности планирани со Годишната програма, стручната служба заедно со одделенските и предметни наставници во училиштето редовно

и совесно ги извршуваа работните задачи предвидени согласно распоредот за часови.

За работењето во училиштето се грижат 46 вработени од кои 33 се наставен кадар.

Редовно беа одржувани состаноци со одделенски и предметни наставници, Наставнички совети, Совет на родители и Училишен одбор.

Учениците од I до III одделение се описно оценети на крајот на учебната година, а додека учениците од IV до IX одделение се бројчано оценети.

За учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставните содржини во редовната настава во училиштето се реализира дополнителната настава. Таа има за цел да се овозможи на учениците кои заостануваат во совладување на наставните содржини полесно да се вклучат во редовната настава.
Додатна настава се реализира за учениците кои покажуваат особен интерес за одреден предмет со цел проширување, систематизирање и збогатување на знаењата и поттикнување на нивните интереси и способности. Реализацијата на дополнителна и додатна настава се евидентира во одделенскиот дневник и е дел од годишниот глобален план на секој наставник поединечно.
Во зависност од интересите, учениците преку анкета избираат и изучуваат изборни предмети, со кои ги надградуваат, продлабочуваат и систематизираат знаењата од одредени подрачја и ги поттикнуваат интересите на учениците за професиите. На крајот од минатата учебна година, преку индивидуално пополнување на анкетни ливчиња, учениците и родителите се определија за изучување на изборни предмети, според афинитетот и интересот на детето.

## 15.2 ПОСТИГНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ПО ПОЛ И НАЦИОНАЛНОСТ

| ЖЕНСКИ | ПРОСЕК | МАШКИ | ПРОСЕК |
|---|---|---|---|
| ПРЕДМЕТИ | | ПРЕДМЕТИ | |
| Македонски јазик | 4,20 | Македонски јазик | 3,92 |
| Англиски јазик | 4.33 | Англиски јазик | 4.15 |
| Германски јазик | 3.99 | Германски јазик | 3.37 |
| Математика | 4.13 | Математика | 3.91 |
| Историја | 4.17 | Историја | 3.74 |
| Географија | 3.98 | Географија | 3.68 |
| Биологија | 3.91 | Биологија | 3.58 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Информатика | 3.87 | Информатика | 3.18 |
| Етика | 4.36 | Етика | 4.16 |
| Ликовно образование | 4.70 | Ликовно образование | 4.46 |
| Музичко образование | 4.88 | Музичко образование | 4.72 |
| Физичко и здравствено образ. | 4.77 | Физичко и здравствено образ. | 4.88 |
| Физика | 4.13 | Физика | 3.60 |
| Хемија | 3.95 | Хемија | 3.59 |
| Граѓанско образование | 4.39 | Граѓанско образование | 4.10 |
| Иновации | 4.42 | Иновации | 3.72 |
| Истражување на роден крај | 5.00 | Истражување на роден крај | 4.70 |
| Проекти од ликовна уметност | 5.00 | Проекти од ликовна уметност | 5.00 |
| Нашата татковина | 4.80 | Нашата татковина | 4.82 |
| Проекти од музичка уметност | 5.00 | Проекти од музичка уметност | 4.87 |
| Природни науки | 4.39 | Природни науки | 4.16 |
| Историја и општество | 4.26 | Историја и општество | 4.63 |
| Техничко образование и информатика-техничко | 4.29 | Техничко образование и информатика-техничко | 3.94 |
| Техничко образование и информатика-информатика | 4.47 | Техничко образование и информатика-информатика | 4.48 |
| Слободен изборен 1 | 4.80 | Слободен изборен 1 | 4.74 |
| Слободен изборен 2 | 4.88 | Слободен изборен 2 | 4.67 |

## 15.3 ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД IX ОДДЕЛЕНИЕ

**Реализирани активности од работата на полето на професионална ориентација на учениците од IX одделение, во учебната 2023/2024 година:**

- Спроведена е анкета за степенот на професионална информираност и професионална ориентација на учениците од деветто одделение;

- Водени се групни и индивидуални разговори со учениците и нивните родители за изборот на средно училиште и занимање

- Информирање на учениците за критериумите при упис во средните училишта

- Презентации на струки и занимања од државните и приватни средни училишта од градот.

## 15. 4 Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Во текот на изминатата учебна година а и во следните две училиштето стана дел од проектот “Промоција на безбедна училишна средина“ во соработка со Коалиција СЕГА, Прва детска амбасада Меѓаши, СМАРТАП - лабораторија за социјални иновации, МЦГО и Детска фондација Песталоци. Во рамките на проектот се реализираа бројни активности кои ги вклучуваа наставниците, учениците и родителите. Како дел од проектот учениците од деветто одделение имаа можност да учествуваат на интеркултуран размена во Швајцарија каде се здобија со бројни вештини за решавање конфликт и проблеми. Дополнително, во училиштето беше креиран училишен тим за дизајнерско размислување со кој се таргетираа потребите кај учениците од предметна настава во однос на препознавање и справување со врсничко насилство во сите форми. Се реализираа пет работилници преку кои учениците научија како да ги препознаваат видовите насилство, каде да го пријават и како да се справат со истото. Во рамките на проектот се одржа и работилница со претставници од Прва детска амбасада Меѓаши на тема Сајбернасилство. Како заокружување на активностите врзани за проектот за оваа учебна година беа реализирани две работилници со наставници чија цел беше да се насочат наставниците на правилна примена на Политиката за заштита на децата, со акцент на обврските кои ги имаат во однос на истата.

# 16. ОЦЕНУВАЊЕ

## 16.1 Видови на оценување и календар на оценувањето

Оваа учебна 2023/24 година наставата се реализира со физичко присуство се реализира наставата од I – IX одд. Генерални информации за описното и бројчаното оценување по одделенија Оценувањето како компонента на наставниот процес, обезбедува информации за учениците и нивните родители за напредокот во совладувањето на знаењата, способностите и ставовите. Паралелно со ова истото обезбедува поддршка на наставниците да ја модификуваат наставата и образовните програми за учениците , како и информации за другите надлежни структури што донесуваат одлуки за образовната политика која што се однесува на учениците. Поаѓајки од фактот дека наставникот е клучен фактор за квалитетот на наставата, што значи и за квалитетот на оценувањето, нашето училиште располага со квалитетен кадар – наставници, стекнати со компетенции за оценување согласно стандардите за оценување.

Стандардите за оценувањето на учениците во основните училишта придонесоа многу за подигањето на квалитетот на оценувањето на учениците во нашето училиште. И описното и бројчаното оценување се изведуваа по пат на формативно и сумативно оценување. Наставниците најпрво собираа информации кои што се користат за да се насочуваат поучувањето и учењето („брзи повратни информации“ – оценување за да се влијае на учењето), а во одреден временски период го сумираа успехот на ученикот (оценување на наученото).

Описното оценување се имплементираше во одделенска настава од I – III одд., додека во IV, V и VI одд. во првото тримесечие, полугодие и третото тримесечије од учебната година. Бројчаното оценување се имплементираше во IV , V и VI одд. како крајна оцена, а во текот на целата учебна година во VII, VIII и IX одд. Наставниците при определувањето на бројчаната оценка ги имаа во предвид постигањата на ученикот во однос на запомнување и репродуцирање на наставните содржини; разбирање/сфаќање на обработените содржини, односно способност на ученикот нив да ги интерпретира со свои зборови; примена на научените содржини во конкретни задачи со познати и нови елементи и во други нови ситуации; како и повисоките интелектуални способности на анализа, синтеза и вреднување што подразбираат способност на ученикот за средување, комбинирање елементи во нови целини и способности за вреднување на оправданоста или научноста на некое тврдење или дело. Откако наставниците ги согледаа постигањата на учениците на секое од наведените нивоа според стандардите за наставниот предмет (за секоја тема/подрачје) ја утврдуваа оценката на ученикот според Критериумите за оценување на постигањата на учениците кои пак се темелат на стандардите за оценување . Средниот успех на ниво на училиште изнесува во месец јуни по завршените одделеснки испити изнесува 4,299. Имајќи ги во предвид законските ограничувања за писменото

оценување – дневно најмногу до едно, а седмично по две писмени работи- изработивме календар за писмено оценување  Секое писмено оценување уредно е заведено во дневниците за работа на паралелките, паралелно и во е-дневникот.

## 16. 2 Стручни посети од страна на директорот и стручните соработници за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно – образовниот кадар

Согласно годишната програма за работа на училиштето и работните задачи на директорот и стручните соработници (педагогот и психологот) беше направена евалуација на наставни часови и дневни подготовки на сите наставници кои изведуваат настава во одделенска и предметна настава од страна на директорот на училиштето и педагогот на училиштето. Пополнетите инструменти ќе се искористат при водење на педагошките картони на наставниците, како и за давање препораки и забелешки од директорот во професионалното досие на наставниците.

**Констатации во однос на дневните подготовки:**

- сите наставници имаа подготвено дневна подготовка за часот;
- дефинираните цели и исходи се во согласност со содржините што се обработуваат;
- предвидените наставни форми, методи, техники и средства се соодветни на поставените цели на часовите;

во однос на ова при анализата е констатирано следново:
- најчести форми кои наставниците ги планираат во дневните подготовки се: фронтална, групна, индивидуална и работа во парови;
- од наставните методи се планирани: дијалошка, демонстративна, монолошка, текст метода, практична работа, метод на игра...;
- како најчесто планирани наставни техники беа: бура на идеи, грозд техника, петоред, звезда, Венов дијаграм, скелетен приказ, Т-табела...
- наставниците ги планираат следниве наставни средства: од ИКТ -компјутер, LCD и USB; наставен лист, учебник и прибор за работа, слики, флеш карти, географска и историска карта, музички инструменти...;

- како постапки за формативно оценување наставниците најчесто планираат: усна повратна информација, дискусија на часот, пишана повратна информација, самооценување, изведбена активност…

-за оваа цел 80% од предметните наставници за време на часовите ги следат постигнувањата на учениците и за нив изготвуваат чек листи, односно

инструменти, додека сите одделенски наставници ги следат постигањата на учениците и за нив користат инструменти;

- структурата на часовите во дневните подготовки кај сите наставници е поделена во фази.
- наставниците планираат учениците да истражуваат, откриваат и решаваат проблеми, но кај дел од наставниците отсуствува планирање на задачи со различно ниво на сложеност;
- наставниците планираат задавање домашни задачи во согласност со даденото упатство од БРО;
- во дневните подготовки наставниците водат рефлексивни забелешки во однос на целите и очекуваните исходи.

**Констатации во однос на посетените часови:**

- текот на часовите се одвиваше според дневните планирања, при што наставниците ги користеа предходните знаења на учениците и ги запознаваа со очекуваните резултати кои треба да се постигнат на крајот од часот;
- училниците се опремени со наставни средства и технологија, како и со изработки од учениците;
- учениците користеа ИКТ;
- наставниците ги користеа планираните форми, методи, техники и наставни средства
- односот на наставниците создава пријатна атмосфера во која доминира взаемно почитување меѓу наставникот и учениците;
- согласно наставните содржини кои се обработуваа за постигање на повисоки цели, поголем број од наставниците поттикнуваа критичко мислење, анализа и решавање на проблеми;
- како постапки за оценување (формативно) најчесто се даваа усни повратни информации и се водеше дискусија на часовите, како и се користеа чек листи со индикатори за проверка на постигнатоста на целите на часот;
- голем број од наставниците ја проверуваат зададената домашна задача, а речиси сите од нив задаваат домашна задача со напатствија за нејзино извршување;
- планираните активности на наставникот и учениците кај сите наставници беа во функција на постигнување на целите на часовите.

**Насоки за понатамошна работа**

- Часовите да се реализираат редовно според распоредот на часови на ООУ„ Браќа Миладиновци“ с. Миладиновци, н.Илинден;
- Редовно да се реализира додатна и дополнителна настава;
- Редовно и задолжително запишување на отсутни ученици;

За подобрување на дневните планирања и квалитетот на часовите би требало да се обрне внимание на следново:

- да се следи тематското - процесно планирање;
- активностите на часот да бидат опишани во дневните планирања;
- да се планираат наставни форми, методи, техники и средства;
- да се реализира ИОП;
- наставниците да планираат и реализираат диференцирани цели и активности;
- редовно да се изготвуваат инструменти за следење на постигањата на учениците
- во дневните подготовки наставниците да водат рефлексивни забелешки во однос на целите и очекуваните исходи, по завршување на часот.
- осмислување активности и задачи со различно ниво на сложеност;
- планирање активности и задачи кои ќе поттикнуваат повисоки мисловни процеси (критичко мислење, анализа и решавање проблеми);
- да се продолжи со примена на современите стратегии и техники на учење и поучување со цел зголемување на активноста на учениците за време на часовите;
- редовно да се изготвуваат инструменти за следење на постигањата на учениците;
- планирањето и подготовката на домашните задачи да е во согласност со даденото упатство од БРО.

## 16. 3 Самоевалуација на училиштето

Самоевалуацијата на реализацијата на Годишната програма за работа на ООУ „ Браќа Миладиновци“ с.Миладиновци за учебната 2023/24 се реализираше согласно акцискиот план. Истата ги вклучуваше следните активности:

- Планирање, програмирање и подготовка на дејноста на сите нивоа од страна на секој субјект во училиштето.
- Настава: задолжителна, изборна, дополнителна и додатна.
- Воннаставни активности.
- Грижа за здравјето на учениците.
- Соработка со локалната средина и самоуправа.
- Следење, проверување на оценувањето на успехот на учениците.
- Стручно педагошко усовршување на наставниците и другите стручни соработници.
- Водење на педагошка евиденција и документација на воспитно - образовната дејност во училиштето.

Докази за успешно спроведената самоевалуација се соодветните ресурси:

- Годишна програма
- Годишен извештај
- Планирање на наставниците и извештаи на одговорните наставници
- Дневници на паралелките
- Ученички досиеја
- Извештаи од систематски прегледи и вакцинации
- Извештаи од стоматолошки прегледи
- Евидентни книги
- Сертификати
- Уверенија
- Професионални досиеја

## 17. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

Во училиштето во првото полугодие во учебната 2023/2024 година согласно Националната стратегија за превенција на орални заболувања кај деца 0-14 години беа извршени задолжителни стоматолошки прегледи и можност за залевање во Здравствен Дом, Скопје – Амбуланта Автокоманда.

### 17. 1 Стоматолошки прегледи

- месец септември - стоматолошки преглед и залевање на трајни заби на учениците од седмо одделение;
- месец ноември - стоматолошки преглед и залевање на трајни заби на учениците од петто одделение;
- месец декември – стоматолошки преглед и залевање на трајни заби на учениците од четвртто одделение.
- Месец јануари - стоматолошки преглед на второ одделение
- Месец февруари- стоматолошки преглед на трето одделение

### 17. 2 Вакцинирање

- месец октомври - систематски преглед и вакцинација со МРП вакцина во прво одделение;

- месец јануари-вакцинација со Дите и Полио во деветто одделение и во второ одделение

-месец април- систематски преглед во седмо одделение.

## 17. 3 Предавања и работилници

- месец септември – Предавање на тема: „Како да се заштитиме од заразни болести и жолтица“

* „Лична хигиена и хигиена во училиштето“ (услов за добро здравје) со ученици од I одделение

- месец октомври - Работилница за ментално здравје со ученици од VIII одделение

* Активно спортување - услов за здрав живот

- месец ноември - Најчести заболувања кај училишните деца и превентива

- месец декември - Работилница за ХИВ и Сида со ученици од IX одделение

* Заштита од вируси и инфекции

* Одбележување на меѓународниот ден на хендикепирани лица

* Одбележување на недела на грижа на стари лица

* Разговор на тема - Опасности од пиротехнички материјали

-месец март – Политика за заштита на деца-дизајнерско размислување за решавање на предизвици во училиште

-месец април - работилница за светски ден на здравје и аутизам

- месец мај - градба и функција на орална градба во второ одделение

-месец мај - Менструално здравје кај девојчиња во седмо одделение

Извршен санитарен преглед на вработените од училиштето.

## 18. УЧИЛИШНА КЛИМА

### 18.1 Дисциплина

Училишна дисциплина подразбира заеднички утврдени правила на однесување и за учениците и за наставниците и во училиштето и надвор од него. Дисциплината е неопходна за да може училиштето да функционира како заедница. Таа е еден од носечките столбови на добрата настава во современото училиште. Демократската дисциплина, како основа на современото училиште, подразбира рамноправно вклучување на сите членови на училишната заедница во одлучувањето за целите, правилата и санкциите.Дисциплината на учениците се засновува врз следниве принципи:

Принцип на демократизам.

Принцип на хуманизам.

Принцип на доброволност.

Врз основа на почитувањето на овие принципи се заснова и дисциплинираноста како основен квалитет на личноста.Планот за подобрување на училишната дисциплина во нашето училиште и оваа учебна година вклучуваше:

• Запознавање од страна на одделенските раководители на почетокот на учебната година на учениците со правилата и должностите на однесување.

• Дежурстава во холот на училиштето, на секој кат, во секоја училница, во училишниот двор.

• Контролирање на однесувањето на учениците во тоалетите (санитарните јазли).

Во планот за подобрување на училишната дисциплина беа вклучени сите наставници од одделенска и предметна настава како и вработените од технички персонал. Во нашето училиште дежурствата се реализираа за време на одморите. Дежурствата во холот се реализираа од страна на наставниците, секој ден по двајца наставници дежураа во холот на училиштето. Дежурствата на секој кат се реализираа од страна на наставници кои изведуваат настава на дадениот кат. На секој кат имаше по еден дежурен наставник. Секој наставник во својата училница одредуваше по двајца дежурни ученици за секоја недела, кои се одговорни за дисциплината за време на одморите во училниците. За спроведување на контрола на однесувањето на учениците и вработените во тоалетите (санитарните јазли) имаше одредено по еден вработен од технички персонал. Покрај дежурните наставници по спратовите според утврден план и распоред секој ден имаше по двајца дежурни наставници кои водат писмена евиденција за тековните збиднувања во посебна книга за евиденција на дежурства. Службениот влез и влезот научениците во текот на работното време се регулираше од техничкиот персонал.

## 18.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Оваа учебна година при функионално уредување на просторот во училиштето беа запазени пропишаните стандардите за уредување на воспитно – образовна институција и рационално се искористени сите просторни можности.Бидејки уредувањето и заштита на животната средина е обврска на училиштето и на сите вработени во училиштето, учениците, родителите, локалната заедница бројот на активности се намали и се одеше во насока за реализирање на активности каде безбедноста за здравјето на сите чинители не беше доведено во прашање. Беа спроведени следните активности за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето само од страна на техничкиот персонал:

• Уредување и одржување на училишната средина

• Уредување и одржување на просториите во училиштето

• Одржување на хигиената во училниците

• Одржување на хигиената во холовите, фискултурната сала,соблекувалните

• Разни поправки и санации

• Одржување на инвентарот, книгите и средствата за работа

• Собирање на отпад

• Одгледување на цвеќиња

• Уредување и одржување на спортските терени

### 18.3 Етички кодекси

Во ООУ „Браќа Миладиновци“с. Миладиновци, општина Илинден постои етички кодекс за наставниците и стручните соработници и етички кодекс за оценувањето на постигањата на учениците. Со двата кодекса се опфатени основните барања и начела што го определуваат професионално –етичкото однесување на наставниците и стручните работници, учениците и родителите и истите доследно се почитуваат и применуваат.

### 18. 4 Односи меѓу сите структури во училиштето

Менаџерскиот тим во состав: директор, стручна служба и наставници правеше анализа на критичните точки во комуникацијата помеѓу одредени структури во училиштето и предлагаше конкретни активности како состаноци, работилници, дебати.

## 19. ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Детектрирање на потребите и приоритетите

Потребите и приоритетите кои се произлезени од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот, беа извор за детектирање на потребите и приоритетите за професионален развој на образовниот кадар. Секој наставник преку сопствениот актив непосредно ги изнесуваше личните потреби за професионален развој кои потоа по хоризонтала и вертикала се проследуваа. Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците во состав директор, стручна служба, претседатели на активи.

## 19.1 Активности за професионален развој

Професионалниот стручен развој подразбира индивидуално усовршување, усовршување спроведено од страна на училиштето т.е. интерно, како и надворешно усовршување, кое го врши БРО, МОН и други институции. Детектирање на потребите и приоритетите за квалитетна настава, потребно е континуирано едуцирање на наставниот кадар. Потребите и приоритетите за професионален развој на образовниот кадар произлегуваат од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот. Самоевалуацијата на училиштето покажа дека наставниците редовно ги следат сите обуки и семинари организирани или поддржани од МОН и БРО, а дел од нив и самостојно се усовршуваат. Секој наставник на ниво на актив ги изнесува личните потреби за професионален развој, кои потоа се проследуваат по хоризонтала и вертикала. Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците, составен од директор, стручни соработници и претседатели на активи. Професионалното усовршување на наставниците се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓуучилишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. Во рамки на континуираното стручно усовршување, наставниците се обврзани да посветат најмалку 60 часа на обуки во текот на три учебни години, со најмалку 40 часови учество на акредитирани програми за обука. По утврдување на потребите за професионалниот развој на вработените, се планира организација и реализација на интерни обуки, семинари, работилници, дисеминации на новини и др. Во училиштето се изработува годишен план за професионален развој на наставниците, задолжително се реализира дисеминација и се изработува извештај проследен со евалуација, од каде ќе произлегуваат и наредните потреби за професионален развој. Личен професионален развој Во училиштето редовно се следи работата на наставниците и се настојува нејзино подобрување преку разни форми на професионален развој: семинари, обуки, конференции, пишани рубрики, статии во стручна литература итн. Според насоките дадени од ДПИ, се врши и интерно следење на наставниците преку посета на часови, како и анализа на наставничките портфолија. За сопственото стручно усовршување, наставникот прави личен план за професионален развој за секоја учебна година преку самоевалуација на професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посети на директорот на училиштето и советници од БРО.Оваа учебна година, наставниците ги проследија сите обуки кои беа предвидени од страна на МОН и БРО и учествуваа на вебинери, а дел од обуките и работилниците наставниците ги посетуваа и со физичко присуство во училиштето и надвор од училиштето. Наставниците кои ќе предаваат во I, II, III, IV, V и VI одд. во учебната 2022/23 год. беа на обуки за новата наставна програма согласно новата Концепција за основно образование.

## 19. 2 Личен професионален развој

Во однос на професионалниот развој на наставниците и стручните соработници, директорот поединечно го следеше напредувањето на наставниците, нивното вреднување преку однапред подготвени интерни критериуми, мотивирање на наставниците за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и др.

Секој наставник уредно го водеше сопствено професионално досие и истото во хартиена форма е доставено до педагогот.

## 19.3 Хоризонтално учење

Хоризонталното учење е учење едни од други. Тоа подразбираше различни видови на организирано и планирано пренесување или размена на професионални искуства внатре во училиштето или помеѓу училиштата.

Во 2023/2024 година во ООУ „Браќа Миладиновци“ беше спроведено хоризонтално учење преку:

• изведување присуство и анализирање на нагледни часови

• презентација на стручни теми

• известување од семинари и обуки и десиминација на колегите

• запознавање на колегите со сопствените иновативни методи или пристапи и сл.

## 20 . СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ / СТАРАТЕЛИТЕ – стручна служба

Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето
Оваа учебна година соработката на родителите/старателите опфаќаше:
• информирање за психофизичкиот и социјалниот развој на учениците
• информирање за резултатите од учењето и поведението
• информирање за подобрување на резултатите во воспитно-образовната работа
Соработката се реализираше преку индивидуални разговори меѓу наставникот и родителот, писмено известување, родителски средби. Советот на родителите претставува врска меѓу учениците, родителите и наставниците и преку овој орган се обезбедува учеството на родителите во реализацијата на задачите на училиштето, како и преку разни повремени и постојани комисии, поединечно ангажирање на родителите и др. Преку сите овие форми на соработка и учество на родителите во животот и работата на училиштето се родителите имаа улога на партнери и беа учесници, а не пасивни набљудувачи на училишниот живот на своето дете.

Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставни активности

Родителите, преку своите преставници во Советот на родители даваа мислења и сугестии за дополнување и измени на секаков вид планирања. Постојано беа информирани за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор, директорот на училиштето, наставниот кадар, стручната служба, учениците. Советот на родители ги реализираше своите активности согласно својата програма за работа. Училиштето и оваа учебна година обезбедуваше родителите да бидат вклучени и да влијаат врз многу аспекти во образовниот процес. Одлуките на Училишниот одбор се донесуваа со мнозинство од гласовите од сите присутни (9 членови) а се однесуваа на многу прашања на воспитно/наставниот процес.

**Едукација на родителите/старателите**

Едукацијата на родителите/старателите училиштето оваа учебна година ја реализираше преку активности на училишниот - педагог согласно Програмата за советување на родителите на учениците во основното образование и планот за работа.

Годишниот план за советување на родителите се состоеше од месечен и неделен план. Советувањето на родителите/стартелите ги опфаќаше следните групи:

• ученици кои во текот на наставната година имаа негативни по три или повеќе предмети

• ученици кои во текот на наставната година имаа направено повеќе од 10 неоправдани или 100 оправдани изостаноци

Педагогот уредно до ЦСР и Одделение за образование при Општина Илинден доставуваше извештај со статистичка анализа за присуство на родителите на учениците од советувањата. Во текот на учебната 2023/2024 година се одржаа пет родителски средби од кои две во прво и три во второ полугодие и по една родителска средба за екскурзии.

Првата родителска средба се одржа на почетокот на месец септември, втората на почетокот на ноември, третата на крајот на јануари, четвртата средина на април, а последната во јуни, на крајот на учебната година. На општите родителски средби, родителите се запознаа со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно, и беа дадени насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот.

## 21 . КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Во текот на оваа учебна година училиштето својата промоција и комуникација со јавноста ја реализираше со:

• Локална заедница (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население)

• Институции од областа на културата

• Институции од областа на образованието

• Невладини организации

• Здравствени организации (систематски прегледи на учениците и вработените)

• Медиуми (со цел на промоција на училиштето)

Од планираните програмски активности за ова подрачје се реализраа следните и тоа :

• Свечен прием на првачињата - приредба

• Новогодишна приредба

• Ден на планетата Земја

• Информирање на градоначалникот за патрониот празник на училиштето

• Одбележување на Денот на училиштето

• Натпревари по сите наставни предмети (општински, регионални и државни)

## 22. СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Во рамки на ова програмско подрачје во учебната 2023/2024 година беа реализрани следните активности од страна на директорот:

• Формирање на Тим за изработка на Годишна програма за работа на училиштето и истиот беше формиран на наставнички совет.

• Следење на реализацијата на Акциските планови за приоритетите во програмата, и за истите постои извештај кој е составен дел на Годишниот извештај.

• Следење на реализацијата на сите програми и планови од годишната програма, и за за истите постои извештај кој е составен дел на Годишниот извештај.

## 23. ЕВАЛУАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Евалуацијата на реализацијата на Годишната програма за работа на ООУ „ Браќа Миладиновци „ с.Миладиновци за учебната 2023/24 се реализираше согласно акцискиот план. Истата ги вклучуваше следните активности:

- Планирање, програмирање и подготовка на дејноста на сите нивоа од страна на секој субјект во училиштето.
- Настава: задолжителна, изборна, дополнителна и додатна
- Воннаставни активности
- Грижа за здравјето на учениците
- Соработка со локалната средина
- Следење, проверување на оценувањето на успехот на учениците
- Стручно педагошко усовршување на наставниците и другите стручни соработници
- Водење на педагошка евиденција и документација на воспитно - образовната дејност во училиштето

Докази за успешно спроведената евалуација се соодветните ресурси:

- Годишна програма
- Годишен извештај
- Планирање на наставниците и извештаи на одговорните наставници
- Дневници на паралелките
- Ученички досиеја
- Извештаи од систематски прегледи и вакцинации
- Извештаи од стоматолошки прегледи
- Евидентни книги
- Сертификати
- Уверенија
- Професионални досиеја

## 23. 1 Анализа на успехот и поведението на учениците

**ПРЕГЛЕД**

*на општиот успех на учениците на крајот од учебната 2023/24 година*

| Одд. | Вкупно ученици | | 1 Одлични | | 2 Мн.добри | | 3 Добри | | 4 Доволни | | Вкупно оценети | | 1 со 1 слаба | | 2 со 2 слаби | | 3 со 3 и повеќе слаби | | 4 неоценети | | 5 Описно | Среден успех по извештај |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | СЕ | Ж | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | | |
| **I** | 39 | 20 | Учениците се описно оценети | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | 2,5 | 38 | / |
| **II** | 37 | 20 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | / |
| **III** | 45 | 17 | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | 2,22 | 44 | / |
| **IV** | 36 | 13 | 24 | 66,67 | 4 | 11,11 | 8 | 22,22 | | 0,00 | 36 | 100,00 | | 0,00 | | 0,00 | | 0,00 | 2 | 0,00 | | 4,48 |
| **V** | 32 | 17 | 17 | 50,13 | 11 | 34,38 | 3 | 9,38 | | 0,00 | 31 | 96,88 | | 0,00 | | 0,00 | | 0,00 | 1 | 3,13 | | 4,49 |
| I-V | **189** | **87** | **41** | 60,29 | **15** | 22,06 | **11** | 16,18 | **0** | 0,00 | 67 | 98,53 | **0** | 0,00 | **0** | 0,00 | **0** | 0,00 | **3** | 1,59 | **119** | **4,485** |
| **VI** | 32 | 13 | 19 | 59,38 | 4 | 12,50 | 5 | 15,63 | 3 | 9,38 | 31 | 96,88 | | 0,00 | | 0,00 | | 0,00 | 1 | 3,13 | | 4,05 |
| **VII** | 35 | 12 | 16 | 45,71 | 9 | 25,71 | 9 | 25,71 | 0 | 0,00 | 34 | 97,14 | | 0,00 | | 0,00 | | 0,00 | 1 | 2,86 | | 4,01 |
| **VIII** | 49 | 29 | 23 | 46,94 | 8 | 16,33 | 14 | 28,57 | 3 | 6,12 | 48 | 97,96 | | 0,00 | | 0,00 | | 0,00 | 1 | 2,04 | | 3,97 |
| **IX** | 41 | 23 | 29 | 70,73 | 7 | 17,07 | 4 | 9,76 | 1 | 2,44 | 41 | 100,00 | | 0,00 | | 0,00 | | 0,00 | / | 0,00 | | 4,42 |
| **VI-IX** | **157** | **77** | **87** | 55,41 | **28** | 17,83 | **32** | 20,38 | **7** | 4,46 | **154** | 98,09 | **0** | 0,00 | **0** | 0,00 | **0** | 0,00 | **3** | 1,91 | | **4,113** |
| **I- IX** | **346** | **164** | **128** | 56,89 | **43** | 19,11 | **43** | 19,11 | **7** | 3,11 | **221** | 98,22 | **0** | 0,00 | **0** | 0,00 | **0** | 0,00 | **6** | 1,73 | **119** | **4,299** |

## 23. 2 Бројна состојба на учениците

| Одделение | Македонски јазик | | Албански јазик | | Турски јазик | | Српски јазик | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | сè | ж | сè | ж | сè | ж | сè | ж | сè | ж |
| **I** | 42 | 22 | | | | | | | 42 | 22 |
| **II** | 37 | 20 | | | | | | | 37 | 20 |
| **III** | 46 | 18 | | | | | | | 46 | 18 |
| **IV** | 39 | 15 | | | | | | | 39 | 15 |
| **V** | 32 | 18 | | | | | | | 32 | 18 |
| **I-V** | **196** | **93** | | | | | | | **196** | **93** |
| **VI** | 32 | 14 | | | | | | | 32 | 14 |
| **VII** | 36 | 13 | | | | | | | 36 | 13 |
| **VIII** | 50 | 31 | | | | | | | 50 | 31 |
| **IX** | 41 | 23 | | | | | | | 41 | 23 |
| **VI- IX** | **159** | **81** | | | | | | | **159** | **81** |
| **I- IX** | **355** | **174** | | | | | | | **355** | **174** |

**ПРЕГЛЕД**

на поведението на учениците на крајот
од учебната 2023/24 година

| Одделение | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерно | 38 | 37 | 43 | 36 | 31 | 31 | 34 | 49 | 41 | 340 |
| Добро | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Незадоволително | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

**ПРЕГЛЕД**
на изостаноците на учениците на крајот
од учебната 2023/24 година

| Одделение | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 278 | / | 338 | 227 | / | 792 | 1509 | 2836 | 1685 | **7665** |
| Неоправдани | / | / | 23 | / | / | 131 | 222 | 324 | 30 | **730** |
| Вкупно | 278 | 0 | 361 | 227 | 0 | 923 | 1731 | 3160 | 1715 | **8395** |

## 23. 3 Испишани и неоценети ученици на крајот од учебната 2023/24 година по наставен јазик

| Наставен јазик | I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж |
| Македонски | 4 | 2 | / | / | 3 | / | 3 | 2 | 1 | / | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | 2 | / | / | 16 | 8 |
| Албански | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Турски | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Српски | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

## 24. Годишен извештај за работата на директорот на училиштето

Во почетокот на учебната година беше изготвена Годишна програма за работа на Директорот за учебната 2023/2024 год. Беа предвидени активности на вработените, распоредување на часови, одредување одделенски наставници, оддделенски раководители, планирани воннаставни активности, воспитно – образовни активности, одредување наставници задолжени за ученички организации и слободни ученички активности, секции и спортски активности, часови за производствено корисна работа, ученички екскурзии, грижа за здравјето на учениците, стимулирање на учениците, награди на учениците, културно-образовни активности на учениците во локалната средина, соработка со други воспитно - образовни и општествени установи посебно со Општина Илинден, информирање и други разновидни активности.

Во текот на учебната година на повеќе наврати посетени се часови од страна на директорот во редовната настава, додатната, дополнителната како и слободните ученички активности (секции) и стручните активи. Направени се повеќе анализи, разговори со наставниците од направените увиди. Реализирани се планираните активности за работа на стручните активи во одделенска и предметна настава.

Преку состаноците на одделенските и наставничките совети директорот има разговарано и за други задолженија кои произлегуваат од Годишната програма и кои не се предвидени во програмата.

Директорот присуствуваше редовно на состаноци со Училишниот одбор и Советот на родители на кои се разговараше за подобрување на условите за работа во училиштето и за постигање успех кај учениците, збогатување на фондот на книгите во библиотетката, со еден збор на овие состаноци се решаваа скоро сите проблеми кои се појавуваа во текот на учебната година.

Изнаоѓаше можности и матријални средства за набавка на нагледни средства за поквалитето изведување на наставата по сите наставни предмети

Секогаш и навремено во соработка со финансиската служба директорот вршеше увид во финансовото работење на училиштето, а исто така континуирано и по потреба соработуваше и се консултираше со финансовата служба на Општина Илинден и Градоначалникот , се во интерес за подобрување на целокупната работа на училиштето.

Континуирано се вршеше санација на оштетени делови и набавка на нови (клупи, столчиња и друг училишен инвентар) и одржување на компјутерската опрема за реализација на ИКТ во наставата

Извршена е целосна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училиштето од страна на стручна служба.

Континуирано се следеше наставата преку посета на часови и директорот имаше увид во педагошката документација и редовноста на учениците.

Редовно се одржуваа Одделенски и Наставнички совети, Училишен одбор и Совет на родители.

Континуирано ја следеше работата за уредно водење Е-дневник, од страна на наставниците.

Директорот редовно учествуваше во работата на стручните активи на училиштето.

Училиштето се грижи и за здравјето и заштитата на учениците а во рамкитете на таа заштита остварена е соработка со повеќе стручни служби како што се Центар за јавно здравје, амбуланта „Илинден“, стоматолошка ординација „Автокоманда“ и др.

Извршен санитарен преглед на вработените.

Учениците учествуваа на повеќе организирани натпревари и се здобија со голем број награди, признанија и пофалници.

Оваа учебна година директорот посвети внимание на воспитно образовната функција на учениците , беа организирани приемни денови за родителите на средба со наставниците со цел да се подобри успехот кај учениците.

Соработка со надворешни структури:

- Континуирана посета од Државниот просветен инспекторат (МОН)
- Посета на советници за нашето училиште од БРО на РМ,
- Соработка со Меѓуопштински центар за социјална работа за Град Скопје
- Соработка со МВР
- Посета и соработка со општински инспектори
- Соработка со СОСУ „Илинден“, ЈУДГ „Гоце Делчев“, ООУ „Ристо Крле“, ООУ „Гоце Делчев“ и ООУ„Кочо Рацин“.
- Реализација на Новогодишната програма со посета на Дедо Мраз и доделување на пригодни подароци за учениците од прво одделение до третто одделение
- Учество и реализација на Меѓународни проекти ( Е-Твининг) и др.
- Соработка со Коалиција СЕГА, СмартАП - Лабораторија за социјални иновации, Детска амбасада МЕЃАШИ и учество во проектот „Училишна безбедна средина“.
- Посета на гости од Р.Турција во рамки на проект од еТвининг
- Реализација на МИО активности.

## 25. Годишен извештај за работата на педагогот на училиштето

Согласно Годишната програма за работа на училиштето, програмата за работа на педагогот од предвидените содржини и активности за овој период реализирани се следните:

**I подрачје: Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа**
- учество во изготвување на годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023-24 г.
- изготвување на годишна програма за сопствената работа
-консултации и поддршка на наставниците при изготвување на годишните и тематските програми за работа, како и програмите за работа на додатна и дополнителна настава, воннаставни активности и стручни активи
- учество во изготвување на Протокол за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување
- учество во изготвување на Правилник за оценување, напредување, полагање на испити, видовите пофалби, награди и педагошки мерки за учениците во ООУ „Браќа Миладиновци“ с. Миладиновци, општина Илинден.
- учество во изготвување на Политика за заштита на децата.

## II подрачје: Непосредно следење на воспитно - образовната работа во училиштето

- учество во следењето и стручна помош при организацијата на наставата по задолжителните и изборните предмети, додатната и дополнителната.
- запишување на нови ученици и нивно распоредување во паралелки
- следење на прилагоденоста на учениците од прво одд.
- следење на успехот, поведението и редовноста на учениците по паралелки, предмети и пол
-советодавно-инструктивна работа со учениците, наставниците и родителите
- следење на интерперсоналните односи (училишна клима) во училиштето меѓу ученик, наставник и родител на индивидуално и групно ниво
- следење и водење на педагошка евиденција и документација
- координација и следење на работата на Ученичка заедница/ Ученички парламент
- присуство на Одделенските и Наставничките совети
-посета во домовите на учениците кои отсуствуваат подолго време од настава
-пријавување на ученици во ЈУМЦСР и пријавување на ученици кои отсуствуваат подолго од еден месец неоправдано во ДПИ.
- учество во работилници, семинари, вебинари и обуки
- координација и активно учество во Професионална информираност и професионална ориентација на учениците од IX одделение.
- Запишување на првачиња и нивно тестирање.

## III подрачје: Советодавно-консултативна работа со учениците, наставниците и родителите

- педагошко инструктивна и советодавна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии, социјална неприлагоденост ...
- континуирано следење на напредокот и постигнувањата на учениците со посебни образовни потреби
-следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците
-помош и поддршка во изготвување на годишните и тематските програми за работа на наставниците
- консултативни средби со наставниците во врска со употреба на одредени форми, методи и техники со цел унапредување на наставниот процес
- педагошко инструктивна и советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик - ученик, ученик-наставник- родител.

- помош и поддршка на наставниците во работата со децата со посебни образовни потреби, соработка со нивните родители и следење на нивните постигнувања.
- присуство во работата на стручните активи
- посета на часови со цел евалуација од набљудување на часовите и увид во дневните подготовки со пополнување на изготвените инструменти
- присуство на нагледни часови
-поддршка, следење и унапредување на работата на ученичката заедница
- советодавна-консултативни разговори со наставниците од првите одделенија
- поддршка на наставниците во водење на педагошка евиденција и документација и следење на истата
-в одење на професионално досие на наставниците од одделенска и предметна настава
- педагошко инструктивна и советодавна работа со родители чии деца имаат проблеми со учењето, редовноста и дисциплината.

**IV подрачје: Аналитичко-истражувачка работа**

-изготвување на анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршените класификациони периоди на крајот на прво тримесечие и прво полугодие
-изготвување на извештај од посетени часови
- изготвување на полугодишниот извештај за работата на училиштето
-изготвување на полугодишен извештај за сопствената работа
- изготвување на годишниот извештај на Ученички парламент
- анализа на степенот на професионална информираност и професионална ориентација на учениците од IX одделение, во учебната 2023/ 2024 година
- извештаи и записници од запишаните деца за во прво одделение за наредна учебна година
- извештаи и записници од незапишаните деца за прво одделение за наредна учебна година
- извештаи / записници од посета на домовите на незапишаните деца за прво одделение за наредна учебна година

**V подрачје: Соработка со стручни институции, локална заедница и стручно усовршување**

- соработка со МОН, БРО, ДПИ, Завод за ментално здравје, МКФ, Општина Илинден, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, Институт за педагогија, ЈУДГ “Гоце Делчев“, основни и средни училишта од општина Илинден.
-перманентно стручно усовршување преку следење на стручна литература

**VI подрачје: Педагошка евиденција и документација**

- годишна програма за работа на педагогот
- хронолошки дневник за работа
- евиденција за соработка со ученици, наставници, родители, локална заедница и колеги од други основни училишта
- водење на професионално досие на наставниците од одделенска и предметна настава
- документација за извршената аналитичко-истражувачка работа.

Одговорен стручен соработник, педагог: м-р Кристина Ѓоргиевска

## 26. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧЕНИЧКИ ПРВОБРАНИТЕЛ

Задачата на ученичкиот првобранител за промовирање на детските права примарно беше реализирана преку промотивни активности (едукативни ВОДИЧ ЗА УЧЕНИЧКО УЧЕСТВО, УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА преку работилници, дебати, инфо денови и сл.).

Информациите за содржината на работилниците беа обезбедени од страна на педагогот на училиштето м-р Кристина Ѓоргиевска, која е партнер на ученичкиот првобранител.

Ученичкиот првобранител подготви полугодишен извештај во кој напомена дека нема поднесени поплаки и состојби со прекршувањето на правата на учениците во училиштето. Исто така Ученичкиот првобранител даде поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето.

Ученичкиот првобранител препознава прекршување на детските права и прибира поплаки од учениците кои понатаму ги доставува до стручната служба – педагогот на училиштето на натамошно решавање. Ученичкиот првобранител подготвува и доставува приговори од страна на ученици поврзани со прекршување на нивните права од страна на наставниот и ненаставниот кадар во училиштето до директорот и до Училишниот одбор. Во рамки на оваа задача е прибирање на податоци од сите органи и тела на училишниот парламент и стручната служба во училиштето, добивајќи уога на постојан набљудувач.

Ученичкиот првобранител имаше редовни состаноци со педагогот на училиштето и активно учествуваше во работата на Ученичкиот парламент на кои се разговараше за проблемите поврзани со можни повреди на правата на учениците.

Исто така, ученичкиот првобранител зема активно учество во сите работилници и презентации поврзани со Меѓуврсничкото насилство во училиштето, а како претставник на Ученичкиот парламент учествуваше во Проект за „Училишна безбедна средина“ каде беше учесник во интеркултурната размена на ученици во Швајцарија во период од 05.02.2024 до 20.02.2024 година.

Одговорен стручен соработник: м-р Кристина Ѓоргиевска - педагог

## 27. Годишен извештај за работата на Ученичкиот парламент

Ученичкиот парламент активно работеше во текот на првото полугодие за учебна 2023/2024 година. Активностите кои ги спроведе Ученичкиот парламент се следните:

- Запознавање со новите планови и проекти на училиштето, разговор со учениците, давање предлози за подобрување на условите за реализација на наставата во училиштето, дискусија за проблеми кои се имаат појавено во училиштето помеѓу ученик-ученик и ученик-наставник, наоѓање решение за проблемите доколку настанале.
- Избирање на претседател и заменик на Ученички парламент, и двајца претставници за Училишен одбор, Ученички првобранител и заменик Ученички првобранител.
- Презентација на Безбедна училишна средина, запознавање на учениците со проектот на Безбедна училишна средина, информирање на учениците за проектните работилници од проектот, дискусија со учениците
- Спроведување анкета за ,,училишна безбедна средина”, разгледување на резултатите од анкетата.
- Презентација ,,Што е проект и проектна рамка”, пополнување на апликацијата за ученичка иницијатива.

Ученичкиот парламент секој месец континуирано одржуваше работилници во текот на второто полугодие и тоа:

- Работилница на тема „Детство без насилство“ на кое искуствено и практично можеа да се слушнат и да се запознаат со правата на децата Разговаравме за видовите на насилство и начините како да се справат и пријават со облиците на насилство. Еден од начините е пријавувањето во училиште, наставник, педагог, Детска организација, центар за социјална работа и други социјални институции. Беа поделени и прашалници за идентификување насилство, каде учениците индивидуално, искрено и анонимно одговараа на прашалникот.
- Работилница на тема „Јас и другите“ – каде главната задача беше усвојување на групни правила, изготвување на заеднички хамер, и игра просторна ориентација „јас и другите“. Првата активност имаше за цел воспоставување на условите за понатамошна ефикасна работа на групата. На оваа работилница тимот најпрво се претставуваше себе си, како и начинот и темите на работа, потоа членовите на групата се запознаваа меѓу себе и се воспоставуваа заеднички правила на работа. Најчесто се почнуваше со играње игри со имиња. Игрите со име беа добри за работа со ново формираните групи, каде што членовите делумно или воопшто, не се познаваа. Игрите со име помагаа за помнење на имињата на членовите. Овие игри имаа афирмативен карактер. Кога смислено се воведуваат афирмативни активности во групата, некои членови можат да се

почувствуваат непријатно. Ваквото чувство е разбирливо. Се разбира дека социјално наученото однесување, што не поддржува отворена афирмација, влијае врз чувството на непријатност кога за себе и за другите слушаме позитивни изјави.

- Работилница „Изработка на групни маски за денот на шегата“ – каде учениците тимски работеа за реализација на нивните идеи за групна маска за денот на шегата.
- Работилница на тема: „Идеален наставник – идеално училиште“. Учениците преку проективна техника ги изразија своите очекувања за наставникот кој особено го вреднуваат и почитуваат, а исто така и како го замислуваат училиштето од нивните соништа.
- Работилница на тема „Кажи НЕ на насилството во училиште“ – каде учениците со помош на асоцијација набројуваа видови на насилство и решаваа проблеми поврзани со дадени примери за насилство. Идентификуваа насилство и правеа дрво на проблеми.
- Работилница на тема „Наше катче за дружење“ – каде учениците дадоа свои идеи и истите со помош на прашалници изгласаа нивното катче за дружење да биде нивниот летниковец кој ќе го изработат, каде активно за време на одморите ќе можат да се дружат. Истиот и го изработија со помош на вработените од нашето училиште.

Одговорен стручен соработник: м-р Кристина Ѓоргиевска - педагог.

## 28. Годишен извештај за работата на училишната библиотека

Во училишната библиотека работат двајца наставници: Андриана Митевска и Галина Стеванова.

Содржините и активностите на библиотеката според планот се поделени на три дела:

1. Воспитно - образовна работа;
2. Културна и јавна работа;
3. Библиотечно информативна и стручна работа.

### I Воспитно – образовна работа

1.Изработка на годишната програма за работа на библиотеката за учебната 2023/2024 година;

2.Библиотекарите секојдневно во текот на цела учебна година ги советуваат учениците да се грижат за позајмената литература, навремено да ги враќаат позајмените книги и доколку ги изгубат истите ќе треба ја надоместат штетата.

3. Во рамките на училишната библиотека функционира и библиотекарска секција еднаш неделно или двапати неделно во зависност од потребите во истата. Таа брои околу десетина членови со тенденција за аголемување на членовите.

## II Културна и јавна работа

1.Библиотеката секогаш е на располагање на учениците и наставниците при изработка на различни проекти со тоа што им дава на користење стари учебници кои не се во употреба, дополнителна стручна литература за соодветниот предмет и просторно со можност за користење на библиотеката при изготвување на проектите.

## III Библиотечно информативна и стручна работа

1. На почетокот од учебната година на учениците им беа поделени учебници за учебната 2023/2024 година.

Тековно пристигнуваа учебници за сите одделенија и до сега нивниот број е **1196** учебници.

2. Во текот на цело полугодие се врши инвентирање, сигнирање, потпечатување, соодветно сместување на секоја новодобиена публикација во библиотеката како и заштита и издавање на книжниот и некнижниот фонд.

3. Во текот на ова полугодие за учебната 2923/2924 година во библиотеката набавивме лектирни изданија од I до IX одделение за потребите на учениците, има 31 наслов на лектирни изданија или вкупно **336** книги-лектирни изданија.

Училишната библиотека е збогатена со лектирни изданија благодарение на издавачката куќа Матица, со некои други книги од познати и непознати автори: детска литература 21 книга, белетристика 34 книги, од областа на религијата 6 книги.

Училиштето на крајот на учебната2023/2024 година набави лектирни изданија за учениците кои во текот на оваа учебна година покажаа одличен успех и примерно поведение. На учениците кои покажаа покрај одличен успех и учествуваа во вонанаставни активности училиштето ги награди со по три лектирни изданија, за оној кој беше прогласен за првенец на генерацијата се здоби со пет книги и тоа една енциклопедија, две лектирни изданија за I година и две книги кои областа белетристика соодветни според возраста на ученикот.

Одговорен наставник: Андриана Митевска

## 29. Годишен извештај

## за работата на библиотекарската секција

Во рамките на училиштето покрај останатите секции функционира и библиотекарската секција. Во неа активно учество земаат учениците на кои книгите им се пасија, учениците кои имаат развиен и посебен интерес за читање книги без разлика од која литературна област се истите. Во библиотекарската секција учествуваат околу десетина ученици.

Целта на библиотекарската секција е кај учениците да се развие чувство за читање книги прилагодени според нивната возраст, читање лектирни изданија, но и книги од друга литературна и стручна област, да се негува македонскиот јазик, да им се доближи подалечното и поблиското минато на учениците преку читање литературни творби, изработка на реферати за некои историски личности и настани.

Содржините се предвидени според годишната програма за библиотекарска секција, поставените цели се реализирани.

| Ред. број | Наставник | Предмет | Функција |
|---|---|---|---|
| 1. | Андриана Митевска | Македонски јазик | библиотекар |
| 2. | Галина Стевановска | / | библиотекар |

Во рамките на целата учебна 2023/2024 година беа спроведени следните активности поделени според месеците

| Ред. број | Тема | Постигнати цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Конституирање на библиотекарската секција и запознавање со активностите | Учениците се запознаа со членовите на секцијата, се изврши избор на раководството, се запознааа со активностите на секцијата | библиотекар ученици | 04.09. 2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Изработка на реферат за Денот на независноста на Македонија - 8 Септември | Учениците се запознаа со значењето на Денот на независноста на Р. Македонија и за почитување на сопствената историја и сопствените вредности. | библиотекар ученици | 07.09. 2023 |
| 3. | Учество во одбележувањето на 11ти Октомври- Ден на востанието на македонскиот народ | Учениците се запознаа со значењето на 11ти Октомври Денот на македонскиот народ, за негувањето и зачувувањето на историските традиции. | библиотекар ученици | 10.10. 2023 |
| 4. | Средување на библиотеката | Учениците се запознаа со книжниот фонд со кој располага библиотеката и за неговото правилно сместување и користење. | библиотекар ученици | 30.10. 2023 |
| 5. | Литературно читање на лични творби на тема “Јас и мојот град” | Се разви интерес кај учениците за пишување на литературни творби на одредена тема. | библиотекар ученици | 13.11. 2023 |
| 6. | Читање лични поетски творби посветени на градот Скопје по повод 13ти Ноември - Ден на ослободување на градот Скопје | Учениците се запознаа со значењето на 13ти Ноември Денот на ослободување на градот Скопје од фашистите, се разви интерес за пишување на литературни творби | библиотекар ученици | 13.11. 2023 |
| 7. | Разговор за творештвото и дејноста на Крсте Петков Мисирков | Учениците се запознаа одблиску со творештвото, значењето, улогата што ја имал Крсте Петков Мисирков за македонскиот јазик . | библиотекар ученици | 27.11. 2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | Читање новогодишни пораки и желби | Се разви интересот за пишување и читање на свои лични мисли, идеи, пораки | библиотекар ученици | 23.12. 2023 |
| 9. | Анализа на активностите на секцијата за прво полугодие | Спроведените активности за прво полугодие беа успешно реализирани во целост . | библиотекар ученици | 29.12. 2023 |
| 10. | Одбележување на 21 Февруари Денот на мајчиниот јазик | Учениците се запознаа со значењето на Денот на мајчиниот јазик и преку разни активности се разви интерес за почитување на сопствениот јазик како најголемо културно наследство. | библиотекар ученици | 21.02. 2024 |
| 11. | Читање лични поетски творби посветени на 8-ми Март-Меѓународниот ден на жената | Учениците се запознаа со значењето на 8-ми Март – Меѓународниотден на жената и се запознаа одблиску со значењето и улогата на жената како столб на едно општество. | библиотекар ученици | 08.03. 2024 |
| 12. | Средување на библиотеката | Учениците се запознаа со книжниот фонд со кој располага библиотеката и за неговото правилно сместување и користење. | библиотекар ученици | 15.03. 2024 |
| 13. | Изработка на реферат за Денот на екологијата | Учениците се запознаа со значењето на Денот на екологијата за зачувување на животната средина. | библиотекар ученици | 21.03. 2024 |
| 14. | Литературно читање на лични творби со различни мотиви и теми посветени на 2-ри Април Светски ден на детска литература | Се разви интерес кај учениците за пишување на литературни творби со различни мотиви и теми посветени на Светскиот ден на детска литература. | библиотекар Ученици | 02.04. 2024 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Читање на песни од творештвото на наши познати поети | Учениците се запознаа со творештвото на нашите познати поети кои допринеле за зачувување на сопствениот интегритет и за почитување на сопствениот јазик, култура и наццонален идентитет. | библиотекар<br><br>ученици | 12.04. 2024 |
| 16. | Средување на библиотеката | Учениците се запознаа со книжниот фонд со кој располага библиотеката , за неговото правилно сместување и користење на истиот од страна на учениците и наставниот кадар. | библиотекар<br><br>ученици | 17.05. 2024 |
| 17. | Читање на песни од творештвото на нашиот патрон Константин Миладинов | Учениците се запознаа со творештвото на нашите познат патрон Константин Миладинов и преку изразното читање на неговите песни учениците ги аналлизираа истите спорд мотивите и ја научија напамет една од неговите најубави песни „Т га за југ“ која претставува значаен дострел во современата македонска уметничка поезија. | библиотекар<br><br>ученици | 23.05. 2024 |
| 18. | Анализа на активностите на секцијата за второ полугодие | Спроведените активности за второ полугодие беа успешно реализирани во целост . | Библиотекар<br><br>ученици | 07.06. 2024 |

Наставник по Македонски јазик и библиотекар: Андриана Митевска

## 30. Годишен извештај од работата на Хор и оркестар во учебната 2023/2024год.

Во учебната 2023/2024година беа реализирани индивидуални часови со дел од учениците кои покажуваат талент и желба за учество во училишниот хор. Учениците од 6-9то одделение покажаа голем интерес за соработка и избор на композиции кои би биле изведувани за претставување на училиштето.

Хорот ги спреми следните композиции првично за новогодишната претстава:

-Ѕвончиња;

-Цела земја нека чуе;

-Вечниот бог.

За патрониот празник беа следните:

-Чае шукарие;

-Јовано, Јованке;

-Македонско девојче и

-Ој девојче, девојче.

Учество земаа вокални изведби.

Хорот имаше 30 ученици од 6 до 9то одделение.

Ученици од 6то и 9то одделение беа солисти на две вокални композиции.

Овие изведби беа дел од патрониот празник на училиштето што се одржа на 22.05.2024 год во просториите на нашето училиште.

Наставник по музичко образование Мартина Павловска.

## 31. Годишен извештај за спроведени Еко активности

Освен спроведените активности кои се интегрирани во наставата и наставните часови оваа година се спроведени и други вонаставни еко активности и акции.
Од вонаставните активности ги издвојуваме следниве:
Во месец Ноември учениците од четврто одделение од подрачното училиште во Мршевци со наставничката изработиле еко пораки и флаери кои се наменети за околината во која живееат и истите ги истакнале и ги поделиле на случајни минувачи од околината.
Во месец Февруари 2024 година две ученички од деветто одделение Изабела Љубомировска и Амина Шашивари , со наставничката Мирјана Радуловиќ изработија уметнички дела со кои учествуваа на традиционалниот конкурс “Trash for art 2024” организиран од Пакомак.
Во месец Март имавме голем број на активности:
-Одбележување на Светскиот ден на енергетската ефикасност во подрачното училиште во Текија со работилница за изработка на ветерници од хартија.
- Денот на пролетта и екологија се одбележа и во централното и во подрачните училишта со најразлични работилници и активности.
- 20 и 21 Март 2024 год. е одбележан денот на пролетта и екологија со национална работилница и активност под иницијатива од организацијата Slow Food Macedonia Пролетна офанзива 2024: Фрли цветна бомба.
- Одбележување на Светски ден на водата 22 Март со предавање и активности за подигнување на свеста за глобалната криза со вода со ученици од седмо до деветто одделение.
-По повод Светскиот ден на водата одржани се и различни активности во подрачното училиште во Текија.
По повод 22 Април- ден на планетата Земја и во централното и во подрачните училишта се одржани различни работилници и активности за одбележување на истото.
Од 20 до 22 Април изработка , одржување и анализа на еко анкета во предметна настава на 4 јазици (македонски јазик, ромски, англиски и германски јазик) / Еко репортери
Во месец Мај одржано е предавање за Светскиот ден за заштита од климатските промени и изработена е презентација и со учениците од седмо и осмо одделение се учествуваше на националниот настан „Генералка викенд“ за расчистување на отпадот во околината.
-14 Јуни 2024 год.- Вонаставна активност за алтернативен еко превоз со учениците од шесто и седмо одделение до Бучинско езеро и околните села под мотото „ Возиме велосипед за нашето здравје и за чиста и здрава еко животна средина “.

## 32. Годишен извештај за работата на Наставничкиот совет

Во текот на првото полугодие од учебната 2023/24 Наставничкиот совет на ООУ ,,Браќа Миладиновци'' с. Миладиновци работи според Годишната програма за работа на училиштето, согласно Законот за основно образование, препораките од МОН и БРО. Наставничкиот совет континуирано работи на подобрување на постигнувањата на учениците, унапредување на наставата и воннаставните активности. Особено внимание се посветува на реализација на приоритетите на училиштето, односно нивно инкорпорирање во сите сегменти на работата на училиштето. Се поттикнува професионалниот развој на вработените, како еден од условите за поквалитетна реализација на воспитно-образовната работа.

## 33. Извештај за работата на Одделенскиот совет

Во текот на учебната 2023/24 се реализираа седници на Одделенскиот совет. Одделенскиот совет настојува за континуирано подобрување на квалитетот на наставата, унапредување на знаењата и постигнувањата на учениците, како и стекнување на широко применливи знаења. Стручните активи во училиштето овозможуваат подобра соработка на наставниците, како и поголем број на информации за потребите и постигањата на учениците кои ги разгледува Одделенскиот совет.

Одделенскиот совет го анализира успехот, поведението и изостаноците на учениците. Континуирано работи со Одделенските раководители за подобрување на дисциплината, како и намалување на неоправданите изостаноци. Заложбите на Одделенскиот совет се оценување на знаењата и напредокот на учениците според критериумите изготвени од БРО.

## 34. Годишен извештај за реализирани проекти

### 34.1 1 Извештај за одржана обука за наставници

На 23.05.2024 беше одржана обука за наставници во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ во сработка со Coalition of youth organizations SEGA, Прва детска амбасада Меѓаши / First Children's Embassy Megjashi SmartUp - Social Innovation Lab, МЦГО и финансирано од Детската фондација Песталоци.

За време на обуката се стави акцент на важноста и одговорноста на наставниците при пријава на било каков вид на насилство во училиштето и беше разгледена и дополнета Политиката за заштита на децата која ќе се користи како официјален документ во училиштето.





## 3.4.2 2 Извештај за доделено признание на училиштето

На 14.05.2024 година беше доделена престижната Ознака за квалитет – еТвининг училиште, од страна на Национална агенција за образовни програми и мобилност. Признанието е доделено со поднесување на обемна апликација во која се докажува работата на училиштето во изминатата година особено со акцент на заштита на учениците на интернет, справување со врсничко насилство и унапредување на компетенциите за употреба на интернет технологија и ИКТ алатки. Во моментот нашето училиште е единствено во Општината која се здоби со ова признание.

ETwinning North Macedonia
18 ч. ·

Им честитаме на училишта кои ја добија ознаката за еТвининг училиште за 2024-2025 година!

Честитки до:

1. ОУРЦ „Маца Георгиева Овчарова“ - Велес
2. ООУ „Рајко Жинзифов“ - Скопје
3. ОУ „11 Октомври“ - Скопје
4. СОУ „Јосип Броз Тито“ - Битола
5. СЕПУГС „Васил Антевски Дрен“ - Скопје
6. ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ - Скопје
7. ООУ „Брака Миладиновци“ - с. Миладиновци
8. ОУ„ Ѓорѓи Сугарев“-Битола

Вашиот ангажман и посветеност се навистина видливи!

## 343 3 Извештај за реализиран проект ПРЕЛИМ

Во текот на изминатата учебна година 2023-2024, наставниците по англиски јазик учествуваа во проектот ПРЕЛИМ во соработка со ЕЛТАМ- Асоцијација на наставници по англиски јазик и книжевност во Македонија. Во рамките на проектот наставниците пилотираа и тестираа работни материјали по англиски јазик за предметна настава. Како резултат на успешната соработка се испечатени и достапни ресурси за учениците од VI -VIII одделение како и прирачници за наставници. На овој начин со употреба на квалитетни материјали ќе се збогати образовниот процес и ќе се поддржи работата на наставниците.






## 34.4 Извештај за реализирана работилница во соработка со Прва детска амбасада Меѓаши

На 25.04.2024 претставници од прва детска амбасада Меѓаши одржаа работилница со учениците од шесто одделение на тема – сајбернасилство со акцент на насилството присутно на социјалните мрежи. Работилницата траеше околу еден час, со практични примери и активности со тоа како учениците да се справат со проблемите, каде да ги споделат или пријават и каде да побараат помош.













## 34.5 Извештај за реализирана КА1 мобилност во нашето училиште

Во периодот од 11.03-14.03.2024 нашето училиште беше домаќин на КА1 Еразмус мобилност и во рамките на истата тројца претставници од училиште во Турција посетуваа часови по мајчин јазик и англиски јазик во централното и двете подрачни училишта. По завршувањето на нагледните часови, следуваа работилници каде вработените во училиштето имаа можност да разменат искуства и идеи за унапредување и подобрување на наставата. Акцент се стави на употреба

на ИКТ алатки во образованието но и начини како да се поттикне критичко размислување кај учениците и поголема употреба на странските јазици за време на часовите. Ваквиот вид на соработка овозможува подобар увид во важните аспекти на образованието и современи начини на нивно унапредување.








## 34. 6 Извештај за реализиран отворен ден во рамки на еТвининг недели и Еразмус денови

Во контекстот на еТвининг недели и Еразмус денови во соработка со Национална Агенција за европски програми и мобилност во просториите на нашето училиште на 12.10.2023 се одржа инфо ден на тема Вовед во еТвининг проекти, примери од добра пракса и основни насоки за работа. На настанот присуствуваа претставници од сите основни училишта од Општината, средното училиште и градинката. Предметниот наставник и наставник-ментор Емилија Стојановска несебично го сподели своето искуство со еТвининг проектите и ги мотивираше присутните да започнат со проекти и во нивните училишта/градинка.

Задоволни сме што нашето училиште беше домаќин на настан од овој тип преку кој сакаме да мотивираме и информираме за нови начини на работа кои ќе го направат образовниот процес интересен и иновативен.





## 34.7 Извештај за реализирани активности со Училишен тим за дизајнерско размислување

Во текот на месец мај 2024 година беа испланирани 5 предлог активности за ученици во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, а три од активностите беа тестирани со учениците од шесто и седмо одделение.
Прва активност - Интеграција на технологија и иновации – Како би можеле да ги намалиме негативните ефекти од користење на социјалната мрежа Инстаграм во врсничка комуникација во шесто одделение?
Цел на активноста - Учениците да се запознаат со видовите насилство на интернет и како да се заштитат од истото. Да се запознаат со начинот на кој негативната комуникација може да влијае на нив и како да си помогнат себе си и на другите.
Втора активност - Еднаквост и социјална нерамноправност - Како би можеле да ги намалиме навредувањата поради социјални разлики од финансиска природа кај учениците од седмо одделение?
Цел на активноста - Учениците да станат свесни колку начинот на комуникација и зборовите кои ги одбираме може да влијаат на нечија самодоверба и расположение. Учениците да прават разлика помеѓу негативни реченици и речениците кои промовираат позитивен поглед на работите.
Трета активност - Еднаквост и социјална нерамноправност- Како би можеле да ги намалиме навредувањата поради социјални разлики од финансиска природа кај учениците од седмо одделение?
Цел на активноста - Учениците да се запознаат со позитивни вредноста, да умеат да препознаат видови на социјална дискриминација поттикната од финансиска природа и начини како да ја избегнат или да се справат со истата.




## 34.8 Извештај за реализирани еТвининг проекти

Во текот на учебната година 2023/2024, со почеток во септември и завршни активности во јуни се реализираа многубројни еТвининг проекти со учениците од второ и петто одделение под менторство на наставниците Емилија Стојановска, Јелена Савова и Драгица Апостоловска.

1. **Special Needs: In Someone Else's Shoes** - проект кој се реализираше во период од октомври 2023 до јуни 2024, со претставници од 9 различни земји – Северна Македонија, Грција, Италија, Романија, Португалија, Турција, Шведска и Словачка. Проектот опфаќа ученици на возраст од 9-11 години. Во согласност со годишната еТвининг тема за благосостојба, овој проект има за цел да го насочи вниманието на важноста на различноста и луѓето со различни посебни потреби. Во текот на проектот се одбележаа поважни датуми како Меѓународниот ден на толеранција, Меѓународен ден на лица со Даунов синдром, Меѓународен ден на лица со посебни потреби, Меѓународен ден на лица со аутизам, Меѓународен ден на лица кои боледуваат од епилепсија, Брајова азбука, Ден на розеви маички кога се цели кон борба против врсничко насилство и слично. Сите овие поважни датуми беа одбележани со бројни активности кои имаа за цел да ги информираат учениците за состојбите и нивните карактеристики како и да ја подигнат свеста за постоењето на истите. Учениците имаа можност да развијат емпатија и да ги прошират своите сознанија од областа.
2. **Global Voyages: Exploring Famous Cities** - проект чија цел е да се запознаат учениците со различните градови во светот, да се развие нивната имагинација и да се запознаат со врсници од другите градови преку бројни забавни активности. Проектот е наменет за ученици на возраст од 10-15 години и во истиот зедоа учество преставници од Северна Македонија, Турција, Босна и Херцеговина, Романија и Полска. Преку овој проект учениците имаа можност да ја истражат убавината на другите градови истакнувајќи ги нивните карактеристики, споменици и уникатност. Проектот опфаќа различни теми вклучувајќи англиски јазик, географија, уметност и технологија. Учениците имаа прекрасна можност да се нурнат во светот на патувањето преку учество во креативни активности.
3. **Extend Your Hand** - проект во кој зедоа учество наставници и ученици од 7 различни земји: Северна Македонија, Турција, Литванија, Романија, Полска, Португалија и Грција. Возрасната граница на учениците опфаќа ученици од 7 до 12 години. Преку активностите од овој проект учениците имаат можност да зборуваат и творат за своите омилени животни и миленичиња. Да покажат дека грижата кон другите, особено животните е важна во развојот на една личност. Во контекст на годишната тема на еТвининг а тоа е благосостојба,

учениците имаа можност да развијат емпатија кон животните и другите живи суштества, да се запознаат со одликите на другите култури и да ја сфатат важноста на почитта и помагањето.

4. **My Place on Earth** - претставува соработка на седум членови од различни земји и тоа Северна Македонија, Полска и Романија. Идејата за проектот и самата соработка дојде при еден еТвининг саем каде имавме можност да се запознаеме и да препознаеме ентузијазам кој треба да се преточи во проект. Па така настана My Place on Earth чија цел беше да се промовира местото на живеење на учениците вклучени во истиот, да се покажат природните убавини, историјата, локалната кујна и местата за релаксација во периодот од октомври 2023 до јуни 2024.
5. **Recycle and Use It** - проект со кој подигнуваме еколошката свест на учениците за потребата од рециклирање и намалување на отпадот, исто така го промовираме нашето училиште и нашата татковина во рамките на Европа.

## 35. Годишен извештај за работата на Стручен актив на одделенска настава

Стручниот актив на одделенската настава во текот на учебната 2023/2024 година ги реализираше следните содржини

| Реден број | Наставен предмет | Содржина | Реализатор | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Сите наставни предмети | Изготвување и усвојување на годишна програма за работата на стручниот актив на одделенска настава за учебна 2023-2024 год; | Стручен актив | август |
| 2. | Сите наставни предмети | Разгледување на наставни планови и програми на ниво на активи; | Стручен актив | август |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Сите наставни предмети | Составување и донесување Програма за професионален развој на наставниците | Стручен актив | септември |
| 4. | Сите наставни предмети | - Разгледување<br>наставни планови и програми;<br>- Изедначување на методологија на годишни, тематски и дневни оперативни планирања; | Стручен актив | септември |
| 5. | Македонски јазик | 1.Читање и интерпретација на литературни текстови<br>Обработка на лектира „Итар Пејо“ – Стале Попов | Ленче Крстевска | октомври |
| 6. | Македонски јазик | Читање и пишување – изучување на ракописните букви В и У „Весна и Наум“ | Јелена Савова | ноември |
| 7. | Математика | Децимални броеви<br>( Цел дел децимална запирка десетинка стотинка<br>Заокружување на децимален број со една децимала до најблискиот цел број | Ана Симовска | декември |
| 8. | Македонски јазик | Анализа на литературни текстови (тема, настан, лик, време, место)<br>Басна „Мравката и гулабот“ | Ивана Лазаревска | феврури |
| 9. | Македонски јазик | Литературен текст/творба | Радица Блажевска | март |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | (народна приказна, расказ, басна, бајка, драмски текст, стихотворба).<br>Приказна ,,Црвенкапа“ | | |
| 10. | Природни науки | Сили и движење<br>Магнетни сили (магнетни сили, магнет, привлекување, одбивање, послаби магнети, појаки магнети) | Елена Карагунова | април |
| 11. | Македонски јазик | Анализа на литературни текстови<br>(тема, настан, лик, време, место)<br>Бајка „Пепелашка“ | Лидија Николовска | мај |

**Претседател на активот : Габи Николовска**

## 36. Годишен извештај за Стручен актив на Општествено - јазична група предмети и физичко и здравствено образование

Стручниот актив на Општествено-јазичната група предмети и физичко и здравствено образование во текот на првото полугодие во учебната 2023/2024 година ги реализираше следните содржини:

| Реден број | Наставен предмет | Содржина | Реализатор | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Сите<br>наставни предмети | Усвојување на предлог годишна програма за работа на стручниот актив во учебната 2023-2024 год. | Стручен актив | Септември |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Англиски јазик | Запознавање со ЕТвининг проекти, начин на работа и придобивки | Емилија Стојановска | Октомври |
| 3. | Англиски јазик | Училишен прибор | Вера Вучкова | Ноември |
| 4. | Педагог-стручен соработник | Влијанието на Интернетот во слободното време на децата и младите | Кристина Ѓоргиевска | Декември |
| 5 | Македонски јазик | Вежби за придавки и видови придавки | Андриана Митевска | февруари |
| 6 | Германски јазик | Проектни активности во наставата | Билјана Смилевска | март |
| 7 | Физичко и здравствено образование | Одбојка, одбивање топка со прсти | Дејан Димитријевиќ | април |
| 8. | Физичко и здравствено образование | Кошарка - водење на топка | Марко Симиќ | мај |

**Претседател на активот: Емилија Стојановска**

## 37. Годишен извештај за работата на Стручен актив на природно – математичка група

| Реден бр. | Наставен предмет | Содржина | Реализатор | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1. | математика | Текстуални задачи со операции со дропки | Јаким Ристовски | Октомври |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | математика | Одредување општ член на низа | м-р Елизабета Радевска | Ноември |
| 3. | физика | Падобрани | Тројан Симоновски-наставник по физика | Декември |
| 4. | педагог | Врсничко насилство | Педагог<br>м-р Кристина Ѓоргиевска | Февруари |
| 5. | Информатика | Изработка на програми во Scratch | Фросина Кузева | Март |
| 6. | Биологија и хемија | Класификација на без рбетници | Александра Стоевска | Април |
| 7. | Географија | Социо-економски карактеристики на Австралија со Океанија | Димка Божинова Ѓорѓиевска | Мај |

**Претседател на активот: м-р Елизабета Радевска**

## 38. ИЗВЕШТАЈ
## ОД ИНТЕРКУЛТУРНА РАЗМЕНА ВО ДЕТСКОТО СЕЛО ПЕСТАЛОЦИ Троген, Швајцарија (во партнерство со Коалиција на младински организации СЕГА, детската фондација Песталоци и пет училишта од Македонија )

**Име на проект:** “Промоција на безбедна училишна средина”

**Период на размена:** 06/02/2024 - 20/02/2024

**Датум на поаѓање:** 05/02/2024

**Датум на враќање:** 21/02/2024

**Извор на финансирање*:*** самофинансирање за пат, престој од фондација „Песталоци“ - Троген, Швајцарија

**Цел на проектот:** Да се воспостави меѓусебна комуникација меѓу деца од Европа;

**Специфична цел:** Учесниците да се здобијат со знаења и вештини поврзани со правата на децата, со принципите на меѓукултурниот дијалог и комуникација, анти-дискриминација, меѓусебно разбирање, почитување и толеранција на вредностите помеѓу различните култури;

- Во рамките на проектот: “Промоција на безбедна училишна средина”, во период од 06/02/2024 – 20/02/2024 (вклучувајќи ги деновите на патување), се спроведе интеркултурна размена на 40 деца со година на раѓање: 2008/2009година, од 5 училишта од Македонија: ООУ “Браќа Миладиновци”-с. Миладиновци, Илинден: ООУ„Војдан Чернодрински” – Скопје; ООУ„Магдалена Антова”-Куманово; ООУ „Климент Охридски” – Македонски Брод; ООУ „Страшо Пинџур” – Јосифово, Валандово. Во размената децата ги придружуваа пет супервизори. Интеркултурната размена се одвиваше во Детско село Песталоци во Троген, Швајцарија. Од нашето училиште ООУ. “Браќа Миладиновци” во с.Миладиновци, општина Илинден, на размената заминаа осум ученици од деветo одделение и еден супервизор. Селекцијата на учениците се направи по пат на интервју со пријавените кандидати, а предност имаа учениците кои се активни и се дел од ученичката заедница, и имаат интерес и мотивација во вклучување во активности на врсничка едукација, како и кандидати/ки кои не учествувале претходно на Интеркултурна размена во Детското село Песталоци;
- На размената сите децата од Македонија заедно посетуваа работилници на тема: детски права, интеркутура, идентитет, анти-дискриминација, толеранција, тимска работа, климатски промени, родова еднаквост и конфликти. Нашите ученици имаа можност да се запознаат и да работат заедно со ученици од Полска и Молдавија, да разменуваат идеи и искуства и да ги прошират своите хоризонти, при што се стекнаа и со знаења и вештини поврзани со безбедноста и слободата на изразување, меѓусебно разбирање, почитување и толеранција на вредностите меѓу различните култури. На завршната работилница учениците имаа можност да креираат акциски план што подразбира вклучување на останатите ученици од нашето училиште во овие теми, нивна обработка преку дискусии и активности. Покрај учество во работилниците за време на викендите, учениците заедно со супервизорите остварија и неколку незаборавни екскурзии. Го посетија најтуристичкиот град во централниот дел на Швајцарија Луцерн, како и врвот Хохер Кастен и уживаа во панорамскиот поглед не само на Алпите туку и на реката Рајна. Нивните посети го вклучија и градот Цирих, водопадите на Рајна како и природо-научниот музеј Технорама.

Спортската сала и Youth club беа дел од детското село Песталоци, кои направија слободно време на децата да не биде залудно потрошено, туку спротивно да биде исполнето со многу забава, игри, а пред се многу дружење. Клубот за млади или “Youth club“ исто така нудеше многу интересни простории во кои можеа да се играат различни игри. Просторијата со пинг-понг маси, просторија за билјард и пикадо, просторија за цртање и музицирање, просторија за одмарање и многу други. Заедничкото живеење, во иста куќа, за време на двонеделниот престој во Детското село Песталоци, за децата беше од големо значење, бидејќи тие се соочија со предизвикот да ги сменат дотогашните навики поврзани со уредување и чистење на домот, селектирање на отпадокот, почитување на редот, мирот и приватноста во домот и искрено се надевам дека ваквите навики ќе преминат кај нив во трајни вредности. Целиот престој беше заокружен со свечено доделување на сертификати како на учениците така и на суперви -зорите.
**ПС: Прекрасното патување наречено Трогeн-Песталоци, остави навистина прекрасни спомени кои ќе ги понесеме со нас засекогаш. Убавите работи кои ги видовме и пријателите кои ги запознавме, ќе имаат посебно место во нашето срце, а она што го научивме останува да го пренесеме на нашите врсници! – рекоа учениците;**

- По завршувањето на интеркултурната размена, учениците имаа одговорност, задолжително да се вклучат во имплементација на работилници за детските права, наменети за деца од различни генерации од училиштето и активности од акционите планови, креирани за време на размената, а се директно поврзани со активностите во проектот “Промоција на безбедна училишна средина“.

1. Во рамките на работилниците, првата работилница беше предвидена на тема: “Тимска работа”. Беше предвидена куса презентација, заради запознавање на учениците од седмите одделенија со тоа што се подразбира под тимска работа. Потоа се изведоа неколку активности за тимско работење: Игра наречена “Крокодил” во која седмоoделенците качени на столчиња и работејќи сите заедно, тимски, требаше да преминат замислена река полна со крокодили и сите деца помагајќи си да стигнат до определена цел. Потоа сите заедно изградија мост од само едно јаже, кое беше доволно силно за едно дете да помине преку него, а останатите деца тимски му помагаа да помине преку мостот. Беше предвидена и активност наречена: “Дрво на тимската работа" кое исто така требаше да го направат сите ученици, работејќи тимски. На крајот од работилницата се предвиде играта “Шах”, во која учениците беа поделени на две групи: Група бели и група црни фигури. Во оваа група во која се работеше тимски, предавачи беа учениците:

Нела Трендевска, Марко Спасовски, Викторија Богојевска, Кристијан Цветановски.

2. Во втората работилница со учениците од шестите одделенија, се предвиде да се обработи темата: “Идентитет”. Беше предвидена исто така куса презентација, преку која учениците го објаснија концептот на идентитетот и значењето на анти-дискриминацијата. Потоа следеше игра "Кој си ти?", во која учениците меѓусебно се запознаваа прашувајќи го другарчето Кој си ти? Следно беше предвидена уште една игра, наречена “Бура” или “Ветер”. Целта на оваа активност беше, учениците да почувствуваат какво е чувството кога ќе исчезнат некои особини од нивниот идентитет. Во оваа работилница беше предвидено да се изработи постер за кругови на влијание и истиот учениците од шесто одделение го изработија. Како последна активност се предвиде, секој ученик од пластелин да изработи фигура(скулптура) која ќе го карактеризира неговиот идентитет. Предавачи на работилницата за “Идентитет”, беа учениците: Милева Додиќ, Марија Ивановска, Лука Мицановски и Михаил Стоевски. Учениците ги реализираа планираните активности за секоја од работилниците, вклучувајќи ги презентациите и креирањето на различни визуелни и практични елементи како средства за учење. Учесниците се вклучија активно во сите делови од работилниците и го разбраа значењето на тимската работа и идентитетот. После спроведувањето на работилниците, учениците изработија постери со фотографии од активностите и истите беа испратени на одговорните лица во **Коалиција на младински организации СЕГА и Детското село Песталоци, Швајцарија,** каде ќе бидат истакнати за време на изложбата на крајот од годината;

- Ваквите проекти претставуваат прекрасно искуство како за учениците, така и за супервизорите. Потребно е во иднина да ги има што е можно повеќе, бидејќи се можност за стекнување со знаења и вештини за културна разновидност и се од големо значење затоа што нашите земји, работното место и училиштата се простор кој го делиме со различни културни, етнички, па и расни групи. Преку ваквите проекти, можеме да учиме едни од други, но прво мора да имаме ниво на разбирање едни за други, да ги растераме негативните стереотипи и личните предрасуди за различните од нас, со цел да ја олесниме меѓусебната соработка.

Супервизор: Елена Карагунова
Координатор на проектот: Емилија Стојановска

## 39.Дежурни наставници

Дежурни одделенски наставници

Миладиновци

| понеделник | вторник | среда | четврток | петок |
|---|---|---|---|---|
| Сунчица Митревска Јаневска | Драгица Апостоловска | Сузана Крстевска Габи Николовска | Лидија Николовска | Елена Карагунова |

Текија

| понеделник | вторник | среда | четврток | петок |
|---|---|---|---|---|
| Радица блажевска | Ленче Крстевска | Јелена Савова | Ана Симовска | Милена Сарафимовска |

Мршевци

| понеделник | вторник | среда | четврток | петок |
|---|---|---|---|---|
| Јованка Грозданоска | Силвана Велечковиќ | Ивана Лазаровска | Габриела Младеновска | Јованка Гроздановска |

Дежурни предметни наставници

| понеделник | вторник | среда | четврток | петок |
|---|---|---|---|---|
| Мирјана Радуловиќ Фросина Кузева Марко С. Даниел С. | Марија Митрева Билјана Смилевска Јаким Ристовски | Андриана Митевска Билјана Таниќ м-р Елизабета Радевска | Александра Стоевска Мартина Павловска Димка Б. Ѓорѓиевска | Марија Зоксимовска Дејан Димитријевиќ Јулијана Атанасовска |

## 40.Заклучок

Врз основа на Годишната програма на ООУ „ Браќа Миладиновци “ с. Миладиновци тимот за изготвување на Годишниот извештај го изготви истиот согласно формата и содржината на Годишната програма за работа на ООУ „ Браќа Миладиновци“ с. Миладиновци за учебната 2023/24 год. утврдено со Правилникот за формата и содржината за Развојната и Годишната програма за работа на основното училиште донесен од страна на министерот за образование и наука.

Во рамките на Годишниот извештај се опфатени сите планирани содржини во дваесет и четирите подрачја согласно правилникот за изработка на Годишната програма.

Дадените податоци содржани во извештајот јасно ги отсликуваат сите подрачја. Годишниот извештај е изработен во законски предвидениот рок и истиот е доставен до Наставничкиот совет и Советот на родители на мислење. На тој начин сите субјекти вклучени во воспитно – образовниот процес се запознаени со Годишниот извештај за работата на ООУ „ Браќа Миладиновци“ с. Миладиновци за учебната 2023/24 год.

По добивање на мислење од нивна страна Училишниот одбор на училиштето на предлог на директорот го усвои Годишниот извештај за работа на училиштето и го достави до основачот.

## 41. КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

1. м-р Кристина Ѓоргиевска- педагог
2. м-р Елизабета Радевска- предметен наставник
3. Габриела Младеновска- одделенски наставник
4. Марија Зоксимовска- предметен наставник
5. Радица Блажевска- одделенски наставник
6. Лидија Николовска- одделенски наставник

**Директор**

______________________________

**Дарко Петковски**

**Претседател на Училишниот одбор**

______________________________

**Нинослава Жарковиќ Николиќ**